Во новиот двомесечен  билтен на СЕЛДИ #64  може да прочитате за новите случувања на полето на антикорупција на Балканот и активностите на организациите членки на мрежата.




Во билтенот е даден преглед на моменталната состојба на напорите за борба против корупцијата во регионот на Западен Балкан, вклучително и загриженоста за деловната транспарентност и законските измени кои ги зголемуваат овластувањата на парламентите за мониторинг. Исто така, опфатени се информации за улогата на граѓанското општество во борбата против корупцијата и истакнати се најновите активности на мрежата СЕЛДИ, како што се настаните поврзани со подобрување на партиципативната демократија и зајакнувањето на влијанието на граѓанското општество во процесите на креирање политики и реформи. Дополнително, во билтенот се осврнуваме на предизвиците поврзани со анкетните листови и нуди увид во идните планови за антикорупциски напори во регионот.

Информациите се собрани од повеќе различни извори за да ви овозможат најрелевантни информации од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Црна Гора и Србија.

Билтенот е подготвен во рамки на програмата „**Граѓанско општество за добро владеење и антикорупција во Југоисточна Европа: Градење на капацитети за мониторинг застапување и подигање на јавната свест (СЕЛДИ)**", која се спроведува од Мрежата за лидерство и интегритет во Југоисточна Европа (СЕЛДИ), чиј координатор е МЦМС.

Програмата е финансирана од Европската Унија.